# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од првото продолжение на Осумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 11 септември 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 15,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам службите да утврдат отчен број на пратеници во салата.

Во салата се присутни 67 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието. Според тоа Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа од 81-та седница на Собранието на РМ.

Продолжуваме со претрес по предлогот за разрешување на член на Владата на РМ.

Процедурално за збор се јавува пратеникот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г. претседателе мислам дека ми должите објаснување од вчера по кој основ вие му го одземавте правото на министерот да му се обрати на Собранието. Тоа како прво.

Второ, мислам дека не е добро да продолжиме со расправа по точката, а предлагачот да не биде присутен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова објаснување вчера не го побара Г. Зибери и не го дадов од причина што мислам дека нему му е сосема јасно како стојат работите со Деловникот бидејќи тој четири години беше претседател на Комисијата за деловнички прашања. Откако Г. Тибери побара пауза, тоа го постави Г. Абдулади Вејсели. Меѓутоа, после јас не бев на продолжувањето на седницата, па не го дадов тоа мислење, а сега ќе го дадам.

Мојата примена на деловничките одредби и на Деловниикот, како Уставот го задолжува претседателот да работи е врз основа на следните одредби од Уставот и од Деловникот. Пишува вака:

Собранието на РМ ја избира Владата по предлог за состав на Влада, што согласно член 90 од Уставот на РМ го предлага мандаторот.

Образложение - Предлог за состав на Влада дава мандаторот.

Согласно член 94 став 2 од Уставот, само претседателот на Владата може да предложи разрешуваше член на Владата. Според тоа, според член 148 од Деловникот на Собранието на РМ , одредбите за постапката за избор односно именување, сходно се применуваат и во постапката за разрешување.

Според тоа, по оваа Деловничка одредба за избор и за предлог за разрешување, надлежен е само претседателот на Владата и тој може да зборува, а можат, се разбира, и пратеницит, но не и членови на Владата, било да се во својство на кандидати за да бидат избрани, било да се разрешување. Тоа се одредбите од кои се раководев.

За збор се јавува Г. Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Г. претседателе,

Образложението што го дадовте не ви држи. Никој не го оспорува правото на мандаторот да предложи состав на Влада и никој не го оспорува правото на премиерот да даде предлог за разрешување на член од неговата Влада. Тука веќе се согласуваме. Меѓутоа, од каде го наоѓате, од каде ви е поткрепата да не му дадете збор на министер кој е предложен од страна на премиерот да биде разрешен пред овие пратеници за деловнички прашања. Откако Г. Тибери побара пауза, тоа го постави Г. Абдулади Вејсели. Меѓутоа, после јас не бев на продолжувањето на седницата, па не го дадов тоа мислење, а сега ќе го дадам.

Само еден пример. Јас тоа никаде него читам во Деловникот, барем јас како што можам да го читам, а ако вие знаете на друг начин да го читате, тоа е веќе друга работа. Меѓутоа ќе треба да бидете малку појасни пред ова Собрание бидејќи очите на целата македонска јавност се свртени кон ова Собрание и ние треба да бидеме пример, а не ние да ги прекршуваме законите и Уставот, посебно Деловникот за работата на Собранието. Од друга страна, посебно вие како прв меѓу еднаквите не треба да го кршите Деловникот.

Јас само едне пример ќе ви дадам. На пример има луѓе кои се обвинети во судска постапка. Меѓутоа, на еден обвинет му се дава право да се брани, па дури му се дава право и на адвокатот, а тука во ова

Собрание претендираме да кажеме демократска држава и се залагаме за развивање или натамошно демократизирање на општеството, не му се дава право на еден министер да да образложи зошто е предложен да се раз-реши од страна на премиерот.

Второ, вие сега треба да се извините пред Македонската јавност знаете зошто? Имаме еден предлог за разрешување , со четири реченици кое беа многу фер дадени од страна на премиерот . Имаше пофални зборови за стручноста на министерот, неговата компетентност како министер за правда. Меѓутоа, поради политички причини тој дава предлог да се раз-реши министерот за правда. Но, сите ние останавме со кусок информации а посебно јавноста, кои беа тие политички причини. Ние не ги слушнавме тие политички причини. А иако ги слушнавме со една реченица дека поради овој и овој случај, или случајот Хабиби што сега само за случајот Хабиби се товари министерот за правда, требаше да му се даде збор. Инсистирам и натаму да му се даде збор бидејќи го има тоа право да објасни пред јавноста дека министерот за правда не е виновен за целата работа што се товари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Вејсели должен сум да ви одговорам.

Вие велите заради јавноста, па еве и јавноста нека слушне.

Јас всушност ви одговорив. Ви одговорив дека според член 148 од Деловникот на Собранието на РМ , одредбите за постапката за избор сходно се применвуаат и во постапката за разрешување. Точно е дека на суд, ако некого го судат има постапка за утврдување на одговорноста. Таму обвинителот ќе го обвинува, адвокатот ќе го брани, тој таму ќе сведочи и тн. Тоа е постапка за утврдување на одговорноста.

Постапка за утврдување на одговорност на министер е, ако му се покрене интерпелација од страна на Собранието, од најмалку пет пратеници и точно е предвидено како е предвидена таа постапка да се утврди одговорноста на министерот. Постапката за разрешување нема ништо заедничко со постапката за утврдување на одговорноста. Кај постапката за разрешување се применува постапката за избор каде , тој што е предложен за разрешуваше и за избор нема што да каже. Ние овде нему не му утврдуваме одговорност. Не се утврдува одговорност. Според тоа Деловникот е сосема јасен и стриктно мора да се применува.

**АБУЛАЈДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Едно треба да ни биде на сите јасно.

Вие сега сте прв човек на Собранието и можете да одлучите, имате мнозинство. како сакате. Меѓутоа, вие треба да му овозможите на министерот да се брани. Како може сега тој да не се брани сега кога некој го обвинува дека министерот Мемети не го екстрадирал тој и тој. Дајте му го тоа право да каже дали ја има комплетната документација или не, за екстрадирање и тн. Од каде ние ќе разбереме дали премиерот е во право или не. Од каде ние знаеме. Еве ние дебатираме неколку дена овде, односно дебатиравме вчера еве и денес ќе дебатираме, а немаме нешто односно дискусија врз основа на која ние ќе дебатираме.

Ако излезе премиерот на говорница, а не му се дава можност на министерот Мемети, во случајов, тоа значи дека на него не му се дава право да се брани. Кој ќе го брани него, ако не му се даде можност тој тука да се брани. Ние овде дискутираме и ќе дискутираме а врз база на што. Врз база на она што го пишуваат медиумите? Дајте да ни каже човекот дали е така или не етака. Еве на пример јас имам информација која треба да ја кажам, а тоа требаше да го каже тој како министер дека има заклучок од Владата дека треба да се сретнат двајцата министри, министерот за правда и министерот за внатрешни работи и да се договараат за понатамошната постпка. До тоа не е дојдено. Сега треба да ни ги каже овие работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Вејсели што се однесува до тоа што било во Владата е одговорност на претседатлот на Владата, врз основа на тоа што било или не било и тој предлага овде разрешување на министерот.

Сакам да ви кажам дека односите меѓу Собранието и Владата се многу јасно регулирани. Тука не постои можност министер да зборува без овластување. Овластување да зборува за предлог за разрешување има само премиерот. Вчера се јавил и министерот за внатрешни рабори. Така, ќе настане општа збрка, ако министрите се јавуваат заради своите спорови во Владата, овде во Собранието.

Уште еднаш ви кажувам сега се работи за Г. Мемети. Но, било кој министер да биде, нема никаква можност министерот кој е предложен за разрешување , или за избор, да дојде овде да зборува. Не постои

таква реална можност. Тоа е предлог во надлежност на премиерот, само тој да објасни.

Морам да ви кажам, порано кога бев претседател држев до овие исти работи и предложените министри за разрешување никогаш не ги поканував на седница. Тие нема што тука да кажат. Така да не е сега само за Г. Мемети, туку така е уредено тоа . Во Собранието министер може да земе збор само ако е адресиран од страна на премиерот дека е претставник по точката по која расправаме. По оваа точка може да зборува само премиерот и никој друг. Тоа не е неправда. Тоа е предлог за разрешување. Не е предлог за утврдување на одговорноста. Тој можеби нема одговорност, можеби не е виновен. Јас во тоа не навлегувам. Тоа на нас не ни е предложено. На одговорност министри во Собранието можат да повикуваат само пратениците и тоа во строго утврдена постапка. Не може друг во Собранието да повикува на одговорност. Во Собранието може премиерот да предлага разрешување, а вие како пратеници тоа можете да го прифатите или не. Така е во сите парламенти, не само кај нас.

Секаде е така.

За збор се јавува Г. Гулистана Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и г-да пратеници,

Г. претседателе, ја користам можноста да ви се обратам вам, бидејќи вчера ние тој процес го разрешивме. Ве молам да не се враќаме повторно на тоа, од причина што прво постапката ја објаснивте вие. Второ го цитиравте и Деловникот, што имав можност и сакав јас да го цитирам и за тоа ви благодарам. Трето, вие направивте дури и дупла заштита, своја во случајот и покрај тоа што Деловникот тоа не го дава како право и можност, предложивте да гласаме по нешто што е децидно дадено во Деловникот. Така да за тоа се изјасни и Собранието, не само со чинот на јавно гласање, дури и поединечно.

Јас ги разбирам претставниците од пратеничката група на ПДП Сето ова што го прават, веројатно го прават од желба да се заштита себеси. Тие во јавноста имаа едно соопштение со кое упатија ултиматум до премиерот и рекоа до колку тој не го повлече предлог за разрешување тие ќе се повлечат од Владата, а ќе се повлечат и од Собранието.

Јас им благодарам што тоа не го сторија заради тоа што сепак држат до дигнитетот на ова Собрание.

Малку ми е нејасно зошто во сето ова се вовлече и пратеничката група на СДСМ која што е многу посериозна.

(негодување во салата од страна на пратеничката група на СДСМ)

Сакам само да направам една многу проста дигресија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е веќе Деловничка забелешка.

За збор се јавува Г. Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мислам дека е многу јасно и добро што вака се разговара бидејќи лекар се занимава со процедура и право , се случува управен одбор на клинички центар. Видовме како Г. Марковска си ги знае прописите и видовме што направи таму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам  продолжете без меѓусебни навреди.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г. Андов, не треба да карикираме ситуации тука за извлечеме алиби за повредата што ја направивте на Деловникот и постапката за водење на седница. Во ниту еден член, во ниту еден став, ниту од Уставот ниту од Деловникот неможете да го исцрпите правото да му го одземете зборот на член на Влада или пратеници, освен ако нема повреда на Деловникот и начинот на кој се води расправата. Затоа, ве молам овие ваши оправдувања тука без да цитирате дицидна одредба каде ви се дава таква можност е само фрлање прашина во очи. Ова Собрание треба да биде демократски форум каде што ќе се изнесуваат сите ставови, согласно прописите што го уредуваат начинот на водење на седницата и ништо повеќе и ништо помалку. Ако вие сега карикирате ситуации, пред суд, обвинител, обвинет и тн. мислам дека воопшто не сте во право. Заправо, во правото важи едно старо Римско правило ако некого товарите за нешто неминовно треба да му дадете право и да се одбрани. Тоа право не сум го измислил јас. Тоа право го утврдува и овој Деловник и требаше вие тоа да го направите. Вие направивте повреда на Деловникот. Но, за таа работа ние, впрочем, имаме поднесено иницијатива за ваша одговорност и тоа прашање таму ќе се расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш да кажам дека судот и случаите пред судот не ги вовлеков јас, туку сакав да направам разлика од она што го зборуваше Г. Вејсели. Тој го зборуваше тоа. Така да ништо не карикирам. Со полн почит и према вас Г. Зибери и према Г. Вејсели и спрема Г. Мемети, се однесува. Меѓутоа многу посилно е она што е напишано. Вам сега можеби ви треба за некои цели сега што го зборувате, но вие сте сосема начисто што пишува во Деловникот, бидејќи бевте претседател четири години и бевте член на таа Комисија.

Збор има Г. Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г. претседателе, имам чувство дека вашето образложение во однос на толкување на Деловникот се извлекува од контекст. Имено, нема логика да се направи аналогија помеѓу изборот на Владата, па дури и тогаш премиерот предлага кандидати, па нешто пишува таму дека се од таа бранша, функција, па биле на одредени функции, па и причини поради кои тој мисли да го предложи како министер и сега имаме една подруга состојба, за разрешување. Тука се поставува едно многу логично прашање. Тоа е, што на пример ако премиер излегува и кажува, во образложение за разрешување на член на Влада и кажува дека министерот тој и тој има украдено 10 милиони марки. Ние како пратеници немаме шанса да ја слуш-неме другата страна, што има вистина во тоа, за да можеме да изградиме став и да се определиме врз основа на тој став. Затоа тука е логично не треба поголема енергија за позитивно толкуваше на Деловникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г. Биљали, воопшто јас не извелкува аналогија. Аналогијата е дадена во член 148, напишана е, содржана е и никој неможе да ја менува. Аналогијата е во тоа што истата постапка е кај изборот и кај разрешувањето. така да не правам јас аналогии,туку е тоа.

Друго се разбира може некаде да има и таков премиеро кој ќе рече така и така, со такви аргументи ќе се послужи. Но затоа постои постапка за утврдување на одговорност на премиерот, во тој случај. Тоа е работата. Тоа е друга постапка, која не е иста со оваа која е овде , постапка за разрешување.

Да продолжиме со работа.

Слушам дека се бара да биде присутен во салата предлагачот.

Да ве известам дека премиерот има неоодложни средби, средба со луѓе од надвор и дека овде може да пристигне во 16,30 часот.

(пратениците бараат пауза.)

Дали барате пауза или да продолжиме со работа.

За збор се јавува Г. Абдурахма Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Ние досега се расправавме околу почитување или не почитување на Деловник и пропис. Сега вие точно знаете дека оваа расрпава треба да ја одржиме со присуство на предлагачот и свесно одите сега пак да го прекршите Деловникот.Тоа не зависи дали ние бараме, или некој бара пауза или не. Вие оценувате дека нема услови за одвивање на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве известив дека сум известен дека ќе дојде во 16,40 часот.

Ако не барате пауза да продолжиме.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ :**

Јас барам пауза.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, предлагам пауза до 16,40 часот.

(паузата претседателот ја даде во 15,40 часот)

(по паузата седницата продолжи со работа во 17,00 часот)

Молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Како што видовте, скоро на сите програми, меѓународни и наши, на телевизиите, САД се жртва на еден суров терористички напад. Очигледно тероризмот се појавува како светска сила на злото. Мислам дека ние сега треба да прекинеме со работа, нема услови да продолжиме.

За продолжението на седницата ќе бидете дополнително известени.

Седницата заврши во 17,15 часот.